особено од страна на благородничките слоеви, за што сведочи и случајот со царот Калигула[6] кој стапил во брак со неговата внука. Подоцна, растечкото влијание на христијанството имало голема улога во посериозното санкционирање на ваквите поведенија и нивното перципирање како морално и општествено неприфатливи. Ова кулминирало во 538 година од нашата ера кога царот Јустинијан I ги забранил хомосексуалноста и инцестот како целосно девијантни, општествено деградирачки поведенија. Ѝ покрај позитивното влијание што христијанството го имало во врска со забраната за инцестот и другите сексуални поведенија на штета на деца, од одредени извадоци од Библијата може да се стекне впечаток дека согласно уверувањата на раното христијанство, одговорноста за заведување на возрасни им се препишува на самите деца, така што ставот за детето како жртва – провокатор имал особено влијание во зголемување на границата на толеранција кон сторителите. Освен тоа, не смее да се заборави фактот дека традиционалната криминологија долго време ја третирала педофилијата како ретка појава без посериозни импликации кои бараат посериозни општествени ангажмани. Како резултат на нерегулираниот статус на детето во општествениот систем, долго време преовладувал ставот дека пријавите за сексуална злоупотреба се резултат на бујната детска фантазија, па најголем дел од нив се отфрлале како лажни и неосновани. Сторителите на дела од ваков вид најчесто се прогласувале душевно болни или психички неурамнотежени личности, а предизвиканите психолошки штети на жртвата воглавно се сметале за ирелевантни како резултат на ментална детска флексибилност, така што постапката на третман на деца – жртви не се сметала за неопходна и задолжителна.

Непосредно потоа, следи долг временски период во кој ова прашање продолжува да биде апсолутна табу тема, без тенденција за согледување на вистинските состојби и вложување напори за нивно решавање. Генерално, може да се констатира дека амбивалентен став спрема детето е присутен сè до XVII век од нашата ера, а дури на почетокот од XVIII век се појавуваат првите зачетоци на општествен, развојно - адекватен однос со кој се нагласува улогата на родителите во остварувањето на елементарните потреби, развојната компонента и социјализацијата на децата.[7]

**Поимно определување на родоскрнавењето**

На денешниот степен на научно-апликативни достигнувања родоскврнавењето се смета за еден од најсериозните облици на сексуална виктимизација на деца кој остава длабоки и трајни последици врз оптималниот

[6]Caligula (37-41).

[7]Митковић, Марија. *Злостављање у детињству и адолесценцији као фактор ризика за повећану склоност одрасле особе ка злостављању деце.* Београд: Министарство рада и социјалне политике, Управа за родну равноправност, 2010, стр.13.

раст и развој на детската индивидуа. Ова од причина што кај ваквиот облик на сексуално насилство злоупотребата потекнува од средината во која според природниот тек на работите детето треба да ужива најголема заштита и сигурност.

Според дефиницијата која се смета за општоприфатена родоскврнавењето се дефинира како сексуална злоупотреба на дете од страна на возрасна личност со која е во крвно сродство, а истовремено е во позиција на моќ и претставува авторитет за детето.[8] Често пати поимот родоскврнавење се поистоветува како идентичен поим со инцестот. Во основа, и двете појави се објаснуваат како сексуален однос меѓу две лица кои се во премногу блиски роднински врски за да можат да стапат во законски брак или со други зборови, општествено и морално недозволено стапување во интимни односи помеѓу две лица во крвно сродство. Сепак, според својата основна дефиниција инцестот означува интимна интеракција помеѓу луѓе кои се во роднинска поврзаност, при што возраста на едниот чинител не е задолжителен фактор во детерминирањето на противправното поведение.[9] Тоа значи дека инцестот може да се случи и доброволно помеѓу две возрасни индивидуи кои разумно може да расудуваат за своето поведение, па поради тоа сметаме дека поисправно е кога станува збор за злоупотреба на деца во рамки на семејството, да се употребува терминот родоскврнавење. Гледано од медицински аспект, една од најтешките последици кои може да се појават во случај на сексуална злоупотреба од страна на близок крвен сродник, е раѓањето на нездраво потомство, па токму поради тоа во постарите казнени законодавства ова била главната причина за санкционирање на ваквото поведение. Со евалуацијата на сфаќањата за детето и неговите права, инкриминацијата се должи првенствено на злоупотребата на детското тело заради задоволување на ниски страсти и нагони, а потоа и на неговата доверба и чувството на заштита и сигурност кое треба да го ужива во рамки на семејното опкружување. Нерамнотежата помеѓу моќта на сторителот наспроти беспомошната состојба на детето, во комбинација со губењето на чувството на сигурност и доверба, ја прават злоупотребата потрауматична и посериозна од вообичаено. Имајќи го предвид горенаведеното, постои и пошироко сфаќање според кое родоскврнавењето не подразбира секогаш злоупотреба од страна на лице кое со детето е во крвно сродство, туку од страна на член на семејството кој стои наспроти него во улога на родител или пак е поврзан со детето на друг начин при што таквата врска

[8]Алексоски, Стеван. *Криминологија.* Штип: Универзитет „Гоце Делчев", 2009, стр. 313.

[9]Jade, C. Angelica. *A moral emergency: Breaking the Cycle of Child Sexual Abuse.* Kansas City: Sheed & Ward, 1993, стр.117.

секогаш подразбира постоење на значителна блискост и авторитет над детето.[10] Слична на оваа е и дефиницијата која го објаснува родоскврнавењето како облик на сексуално злоставување на дете од страна на повозрасна личност од доверба, која е во позиција на моќ и претставува авторитет за детето.[11] Во криминолошка смисла, ако подетално се анализира дефиницијата за сексуално насилство врз деца, за постоење на родоскврнавењето не е неопходно постоење на сексуален однос кој вклучува пенетрирачки активности. Тоа постои и кога се употребуваат непристојни зборови кои содржат сексуални конотации упатени кон детето, секое непримерно допирање или милување кое има за цел задоволување на сексуално - емотивните потреби на возрасна личност, а на кои детето не може да се спротивстави. Структурата на семејствата во кои се случува родоскврнавењето, покажува дека во најголем број случаи станува збор за патријархално - традиционални брачни или вонбрачни заедници, особено кога станува збор за подредената положба на жените во однос на мажите. Според некои истражувања татковците кои ги злоставуваат своите женски деца за сексуални цели, често се многу побожни, моралистички и фанатички во нивните верски уверувања и ставови за животот.[12] Станува збор за лица кои покрај бихејвиоралните нарушувања, најчесто не се емотивно или сексуално исполнети во заедницата со возрасниот партнер, а сепак не сакаат да бараат сексуално задоволство надвор од семејството. Ризик фактори кои во голема мера влијаат во семејството да се случи инцестуозна врска во која една страна е малолетно лице најчесто се животот во семејна заедница со очув или маќеа, обесправената положба на мајката во семејството заради нејзиниот општествен или здравствен статус, како и нарушени односи со мајката што ја слабее заштитната функција која би можела да ја оствари доколку таткото или очувот се јави како злоставувач.[13] Според многумина овој вид на злоупотреба е еден од најтешките видови со кој трајно и во голема мера се спречува развојот на нормална психосексуалност кај жртвата, а има и деструктивно влијание не само врз оформувањето на здрав и автентичен психосексуален, туку и психосоцијален идентитет на детето.

---

[10]Kluft, P. Richard. *Incest - related syndromes of adult psychopathology*. Washington: American psychiatric Press, 1990, стр. 1.

[11]Вилић, К. Слободанка, Весна Н. Ристановић и Миомира, Костић. *Криминологија*, Ниш: Студентски културни центар, 1997, стр. 147.

[12] Повеќе за ова: Imbens, Annie, Ineke, Jonker. *Christianity and Incest.* London: Burns & Oates, 1992, стр. 29-37.

[13]Така, според Finkelhor најсериозниот ризик фактор кој ја зголемува веројатноста за инцестуозни поведенија на штета на децата е „растењето во несреќно семејство.“ Слично на ова, други автори се на мислење дека постојаните конфликтни односи помеѓу брачните/вонбрачните партнери кои имаат заштитна/родителска улога, исто така ја зголемуваат веројатноста за можна злоупотреба во рамки на семејството (Benedict & Zautra, 1993).

Личностите кои биле жртви на сексуална злоупотреба од ваков најтежок вид, обично стануваат крајно сомничави и многу тешко поклонуваат верба во намерите на другите луѓе, повлечени се, депресивни, меланхолични и некомуникативни, додека некои од нив одат во сосема друга крајност и постануваат сексуално промискуитетни, наметливи и сл. Голем дел од жртвите, по завршувањето на злоупотребата се соочуваат со пост - инцест трауматичен синдром кој се карактеризира со бројни тешкотии во воспоставување на нормални општествено - емоционални односи. Досегашната пракса покажала дека е многу тешко да се прибават објективни докази за постоење на инцестот, бидејќи кај жртвата постои страв од казна и осуда од страна на околината.[14] Токму поради тоа овој облик на сексуално злоставување најтешко се открива, најдолго трае, а се открива години подоцна откако злоупотребата престанала. Сепак охрабрувачки е тоа што за разлика од порано кога негирањето и неверувањето беше најраширена општествена реакција на ова поведение, денес свеста за обемот и распространетоста на родоскврнавењето е на завидно ниво, а со тоа и готовноста на институциите да реагираат во вакви случаи.

**Обем, временска и просторна распространетост на родоскврнавењето во РМ за периодот од 2005-2015 година**

Во прегледот што следи обработени се официјални податоци за регистрирани сторители и сторени кривични дела „Родоскврнавење“на територијата на Р. Македонија за период од 2005-2015 година. Она што може да се забележи од обработените податоци за опфатот, временската и просторната распространетост на кривичното дело од член 194 од Кривичниот законик на РМ[15] е дека на ниво на цела држава, низ годините вршењето на делото не бележи некои посериозни отстапувања (во просек се регистрирани 2-3 сторени кривични дела), освен во 2009 година кога се регистрирани дури 7 случаи на родоскврнавење во Р. Македонија. Голема е веројатноста наведените податоци за бројот за регистрирани сторители и сторени дела не ја одразуваат во целост реалната состојба за вршење на родоскврнавењето во Р. Македонија, со оглед на тоа дека кај овие кривична дела темната бројка на криминалитетот е најголема. Ова е сосема разбирливо ако се земе предвид фактот дека инцестуозните односи најдолго траат и најретко се откриваат, бидејќи детето е оставено само на себе или ја има поддршката од едниот родител (оној кој не е злоставувач), но многу често, особено во неразвиените,

---

[14]Алексоски, Стеван, *Криминологија*. Штип: Универзитет „Гоце Делчев”, 2009, стр. 313.

[15]„Службен весник на РМ“, бр. 37/96, 80/99, 04/02, 43/03, 09/04, 81/05, 60/06, 73/06, 07/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15 и 226/15.

патријархални средини дури и кога детето ќе проговори за насилството, тоа не се пријавува заради зачувување на семејната чест и одржување на семејството. Неретко, децата трпат сериозни закани со цел да се осигура дека нема да го обелоденат делото и најчесто токму поради тоа не се осудуваат да пријават и да побараат помош од околината. Што се однесува до распространетоста на делото по региони, може да се види дека најмногу регистрирани дела и сторители има во Скопскиот регион, а потоа следуваат Велес, Тетово, Гостивар и Штип, но сепак мора да напоменеме дека ваквата распространетост не е индикатор кој задолжително укажува на зголемено вршење на делото во овие градови наспроти другите, бидејќи бројот на регистрирани дела и сторители расте пропорционално со вкупниот број на население, а сите погоре наведени градови се густо населени места во кои има значително поголем број на жители споредено со другите градови од евиденцијата. Според официјалните податоци на МВР и Државен завод за статистика на РМ, сите пријавени, обвинети и осудени лица за сторено кривично дело „Родоскврнавење“ се мажи, а не е регистрирано ниту едно лице од женски пол. Исто така како сторители воопшто не се регистрирани малолетни лица на возраст од 14-18 години, што најнепосредно укажува на фактот дека возрасните мажи се јавуваат како исклучиви носители на противправни поведенија од ваков вид, ако се земе предвид официјалната казнена статистика.

| **Година** | **2005** | | **2006** | | **2007** | | **2008** | | **2009** | | **2010** | | **2011** | | **2012** | | **2013** | | **2014** | | **2015** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Сектори за внатрешни работи** | **дела** | **сторител** | **дела** | **сторител** | **дела** | **сторител** | **дела** | **сторител** | **дела** | **сторител** | **дела** | **сторител** | **дела** | **сторител** | **дела** | **сторител** | **дела** | **сторител** | **дела** | **сторител** | **дела** | **сторител** |
| Скопје | / | / | / | / | 1 | 1 | 2 | 2 | 4 | 4 | 1 | 1 | 1 | 1 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **Вкупно** | **0** | **0** | **0** | **0** | **1** | **1** | **2** | **2** | **4** | **4** | **1** | **1** | **1** | **1** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| Битола | 1 | 1 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | 1 | 1 | / | / | / | / |
| **Вкупно** | **1** | **1** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **1** | **1** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| Велес | / | / | / | / | / | / | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | / | / | 1 | 1 | / | / | / | / | / | / |
| **Вкупно** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **1** | **1** | **1** | **1** | **1** | **1** | **0** | **0** | **1** | **1** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| Куманово | / | / | 1 | 1 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Кратово | / | / | / | / | / | / | / | / | 1 | 1 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **Вкупно** | **0** | **0** | **1** | **1** | **0** | **0** | **0** | **0** | **1** | **1** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| Охрид | 1 | 1 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |

| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Дебар | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | 1 | 1 |
| **Вкупно** | **1** | **1** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **1** | **1** |
| Струмица | / | / | / | / | / | / | / | / | 1 | 1 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **Вкупно** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **1** | **1** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| Тетово | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | 1 | 1 | 1 | 1 | / | / | / | / |
| Гостивар | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | 1 | 1 | 1 | 1 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **Вкупно** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **1** | **1** | **1** | **1** | **1** | **1** | **1** | **1** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| Штип | 1 | 1 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | 1 | 1 | / | / |
| Виница | / | / | 1 | 1 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **Вкупно** | **1** | **1** | **1** | **1** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **1** | **1** | **0** | **0** |
| **Сѐ Вкупно[16]** | **3** | **2** | **2** | **2** | **1** | **1** | **3** | **3** | **7** | **7** | **3** | **3** | **2** | **2** | **2** | **2** | **2** | **2** | **1** | **1** | **1** | **1**[17] |

**Општествена и казнено – правна реакција на проблемот**

Во изминатите неколку години, како одговор на алармантните состојби поврзани со зачестените случаи на сексуално насилство врз деца, казнената регулатива која ја уредува оваа проблематика во континуитет се менуваше и доработуваше. Денес, за вршење на дела од ваков тип предвидени се оптимални казни кои го вцврстуваат нашиот правен систем во еден од првите по својата ретрибутивна природа.[18] Тоа значи дека заштитата на лицата до 14 години е апсолутна без оглед на видот на сексуалното дејствие, полот на детето како и неговата евентуална согласност па дури и иницијатива, а ако овие дејности се

[16]Во градовите кои не се опфатени со прегледот (Демир Хисар, Крушево, Македонски Брод, Прилеп, Ресен, Кавадарци, Неготино, Крива паланка, Кичево, Струга, Валандово, Гевгелија, Радовиш, Берово, Делчево, Кочани, Пробиштип и Свети Николе во периодот од 2005-2015 година не е регистриран ниту еден сторител.

[17]Обработените податоци од табелата се добиени од страна на Министерството за внатрешни работи на Р. Македонија и се однесуваат на регистрирани сторители на кривичното дело „Родосквернавење“ од член 194 од Кривичниот законик на РМ, за кои со правосилна судска пресуда е утврдено дека го сториле делото.

[18]Во домашниот казнено – правен систем посебниот дел на КЗ кој се однесува на кривичните дела што претставуваат дејствија на сексуална злоупотреба на деца, во континуитет претрпува измени раководени од единствената цел - превенција на сите облици на сексуална злоупотреба на деца преку заострување на санкциите за извршителите на кривични дела со кои се повредуваат правата на најранливата биолошко – општествена категорија - децата.

сторени во околности под кои би биле казниви и спрема возрасна жртва, нивното поединечно значење е истакнато со поголеми казнени рамки од оние пропишани кај казнивите дејствија извршени спрема возрасно лице.[19] Така, според актуелните законски решенија доколку жртва на кривичното дело родоскврнавење е дете кое не наполнило 14 години, казненото поведение се врамува под член 188 од КЗ (Полов напад врз дете кое не наполнило 14 години) за кое се предвидени затворски казни од најмалку 12 години за основниот облик на делото[20] и најмалку 15 години или казна доживотен затвор во случај на постоење на квалификаторни околности[21]. Доколку жртва на кривичното дело е малолетник кој наполнил 14 години, предвидената затворска казна е во времетраење од најмалку 10 години.[22] Притоа, добро е да се нагласи дека еволуирањето на севкупната казнена регулатива не е само во насока на поострување на казните, туку изнаоѓање и на алтернативни решенија во услови кога целите на казнувањето не може да се постигнат само со изрекување на затворски казни. Така, со измените на законските решенија, покрај затворската казна се предвиде и споредна казна - забрана за вршење професија, дејност и должност, а со последната интервенција во законската регулатива кој ја уредува оваа област[23] се воведе и мерка на безбедност – задолжително медицинско - фармаколошко лекување на сторители на полов напад врз дете до 14 години. Медицинско – фармаколошкото лекување или познато како хемиска кастрација е мерка која се применува во случаи кога постои опасност сторителот и понатаму да го врши делото, а примената на истата е условена со согласност од страна на сторителот, меѓутоа по исклучок задолжително се применува во случај кога делото е сторено во поврат.[24] Сепак, ваквата одредба е од факултативна природа, така што нејзината примена зависи од околностите на случајот и слободното судиско уверување. Во пракса оваа мерка сè уште не е применета, така што останува да се види какви ќе бидат импликациите од нејзиното воведување како еден од поновите модалитети за справување со проблемот.

Заедно со правно - политичката рамка, организациските структури за заштита на децата од сексуална злоупотреба, вклучително и онаа која се случува во рамки на семејството, минаа низ крупни промени од независноста на земјата во 1991 година па сè до денес. Ваквите промени во голема мера го

[19] Сулејманов, Зоран. *Македонска криминологија.* Скопје: Графохартија, 2000, стр.471-472.
[20] Член 188 став 1 од Кривичниот законик на РМ.
[21] Член 188 став 2 од Кривичниот законик на РМ.
[22] Член 194 став 2 од Кривичниот законик на РМ.
[23]Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик, Службен весник на РМ, бр.27/14.
[24]Член 65-а од Кривичниот законик.

подобрија институционалниот контекст за судската, социјалната и здравствената заштита на децата, меѓутоа и покрај тоа мора да се забележи дека денес институционалната рамка за имплементација на законските обврски за детска заштита, ниту од далеку не ги исполнува очекувањата и минималните стандарди во предметната проблематика. Во однос на превенцијата, континуирано се работи на сензибилизирање и подигање на јавната свест за проблемите на сексуалната злоупотреба на деца, вклучително и онаа во семејството, преку одржување на едукативни работилници и воведување програмски содржини посветени на сексуалната злоупотреба на деца во основните и средните училишта, информирање и едукација на родителите и семејствата кои се во социјален ризик за природата на феноменот и обука на невладиниот сектор за работа во предметната проблематика, но потребно е уште многу да се вложува за добивање задоволителни резултати во областа која е предмет на интерес. За жал, на денешниот степен на достигнувања, сè уште повеќе внимание се посветува на механизмите за репресивно дејствување врз сторителите и другите модалитети за сузбивање на сексуалното насилство врз деца, додека прашањето за помош на децата – жртви преку практикување на различни облици третман и рехабилитација непосредно по преживување на злоупотребата, е многу актуелно, но со незначителна имплементација во пракса. Ова е во целосна спротивност со основните постулати на ресторативната правда која во фокусот на вниманието ги има интересите на детето - жртва и на пошироката заедница. Кога се зборува за заштита на интересите на детето – жртва, не се мисли само на заштита на неговите права како оштетена странка во судската постапка и материјалното обесштетување, туку целосна грижа на институциите на системот во насока на ефикасно ресторативно дејствување (заздравување, враќање на нормалната психосоматска состојба што постоела кај детето непосредно пред доживување на злоупотребата).

**Заклучни согледувања**

Република Македонија е исправена пред предизвикот за заштита на децата од различни облици на сексуална злоупотреба уште од самите почетоци на осамостојувањето, но се чини дека забележливи манифестации за справување со проблемот на национално ниво се евидентни дури во последната деценија на овој век. Се разбира, тоа не значи дека претходно не постоеше правно – институционален одговор на проблемот, но ваквата општествена реакција воглавно се сведуваше на изолирани случаи кои беа експонирани во пошироката јавност, без придавање особено значење на феноменот и последиците што ги предизвикува. Се разбира, голем придонес за ваквиот тек на работите имаше и релативно неразвиената општествена свест за сериозноста на проблемот, неговиот вистински опфат и динамика на движење. Со оглед на

тоа дека состојбите поврзани со злоупотребата на деца за сексуални цели во континуитет бележат тренд на пораст, како во квантитативна така и во квалитативна смисла, на денешниот степен на општествено живеење се наметнаа како сериозен предизвик за државата кој претпоставува итно интервенирање и создавање на стратегии за справување со проблемот.

Ѝ покрај тоа што во домашниот правен систем се ограничени и малкубројни, истражувањата за појави кои се однесуваат на злоставување деца во рамки на семејството како еден од најфлагрантните облици на прекршување на детските права и општествената реакција на тие појави, како и непосредните искуства на професионалци кои директно работат со деца, јасно укажуваат на одредени проблеми и недостатоци во пракса кои значително ја намалуваат ефикасноста на надлежните служби и негативно влијаат на квалитетот на интервенциите кои ги вршат во насока на остварување детска заштита. Овде првенствено мора да ги споменеме недоволните познавања за феноменот на насилство врз деца воопшто, а особено за сексуалната злоупотреба како еден од најсериозните облици на повреда на интегритетот и општествено – биолошкиот статус на детската индивидуа, отсуство на специфични методолошки модели, недостаток на стручен кадар за работа со деца, финансиски ресурси, просторни капацитети специјално опремени за работа со деца и слаба поврзаност и соработка помеѓу поединечните системи, установи и организации кои имаат одредена улога и одговорност во гарантирање на детските права. Имено, државните институции на нашето поднебје се со ограничен капацитет за активно управување со целокупниот процес на дејствување, особено во услови кога расте бројот на потреби за сервисирање на социјални услуги од повеќе области, а државата располага со скромни ресурси кои со години наназад се непроменети и покрај зголемување на социјалните проблеми кои бараат општествена интервенција. Клучно во надминувањето на проблемот, независно дали станува збор за превентивно или репресивно дејствување, е промовирањето на свеста дека извршувањето родоскврнавењето како најтежок облик на сексуално насилство врз деца е резултат на комбинација од индивидуални интеракции во заедницата и општествени фактори кои дејствуваат независно од личните преференции на поединецот.

Имајќи го предвид погоре наведеното, идеалниот општествен модел на детска заштита подразбира идентификување на сите ризици и фактори поврзани со опасноста од сексуалната виктимизација и имплементирање на стратегии за интервенција и благовремена помош на жртвите. Како јавно - здравствен проблем, сексуалната злоупотреба деца во рамки на семејството не е проблем кој може или би требало да биде саниран само преку редефинирање на кривично - правниот систем за санкционирање на сторителите, туку креирање на систем кој ќе понуди мултисекторски пристап на заштита на децата – жртви, но и програми и стратегии за превентивно дејствување со цел

да се спречи злоупотребата да настане. Тоа значи дека општествените ангажмани за заштита на децата, независно од тоа од каква е нивната природа треба да се имаат јасно одредена цел: Правото на детето на заштита од злоставување треба да се заснова на поблиску дефинирани стручни стандарди и процедури и да се создаде методолошка основа за социјални мрежи насочени кон поврзување и усогласување на активностите на сите учесници вклучени во процесот на заштита.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

De Mause, Lloud. History of childhood. 1st ed. Michigan: Psychohistory Press, 1974;

Faller, C. Kathleen. Child Sexual Abuse: Intervention and Treatment Issues (Volume 2), Michigan: University of Michigan Library, 1993;

Imbens, Annie, Ineke, Jonker. Christianity and Incest. London: Burns & Oates, 1992;

Jade, C. Angelica. A moral emergency: Breaking the Cycle of Child Sexual Abuse. Kansas City: Sheed & Ward, 1993;

Kluft, P. Richard. Incest - related syndromes of adult psychopathology. Washington: American psychiatric Press, 1990;

Алексоски, Стеван. Криминологија. Штип: Универзитет „Гоце Делчев”, 2009;

Арнаудовски, Љупчо. Криминологија. Скопје: 2-ри Август С-Штип, 2007;

Вилић, К. Слободанка, Весна Н. Ристановић и Миомира, Костић. Криминологија, Ниш: Студентски културни центар, 1997;

Кривичен законик на РМ „Службен весник на РМ“, бр. 37/96, 80/99, 04/02, 43/03, 09/04, 81/05, 60/06, 73/06, 07/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15 и 226/15.

Митковић, Марија. Злостављање у детињству и адолесценцији као фактор ризика за повећану склоност одрасле особе ка злостављању деце. Београд: Министарство рада и социјалне политике, Управа за родну равноправност, 2010;

Официјални изданија на Државен завод за статистика за население и социјални статистики: Сторители на кривични дела за периодот од 2005-2015 година, достапни на: <http://www.stat.gov.mk/PublikaciiPoOblast.aspx?id=43&rbrObl=6>;

Сулејманов, Зоран. Македонска криминологија. Скопје: Графохартија, 2000.